Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Архивски бр. 08-1435/1
датум 01-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

**Комисијата за надзор на ден 04.03.2026 година во 10:30 часот,** согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Свети Николе** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во **2024 година до 2026 година.**

Комисијата изврши увид во судот во присуство на вд претседателот на судот Валентина Буровска. Со Решение на Судски совет број 07-1648/11 од 09.07.2025 година за вршител на должност на ОС Свети Николе назначена е судијата Валентина Буровска со мандат од 27.07.2025 година.

По заминувањето на информатичарот од судот во октомври 2024 година во судот нема вработено информатичар. Од овие причини, Комисијата на денот на надзорот се соочи со потешкотии при вршење на надзорот во делот на прашањата поврзани со информатичкиот дел и АКМИС системот.

Извештаите од АКМИС ги подготвува судски советник во соработка и со помош од информатичарот на ОС Виница, со одлука за изменување и дополнување на распоредот за работата на судските советници во ОС Свети Николе за 2026 година заведена под Су.бр.31/26 од 29.01.2026 година. Со истата одлука се овластува судски советник за овластено лице за регистрација на порталот е-достава и задолжување за промени во АКМИС системот во делот на уписници и распределба на судии.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Препорака - Претседателот на судот да побара обука за еден стручен соработник преку Академија да се обучи за изготвување на извештаи преку АКМИС, како преодно решение до вработување на информатичар.

Електронска достава за адвокати функционира. Со ОЈО сега нема електронска достава, но со оглед дека се сместени во иста зграда физичката достава функционира брзо и едноставно. Во серверската просторија е монтирана нова клима и надминат е проблемот со серверот.

Книговодител во судот нема и затоа платата на вработените ја изработува книговодствено биро за месечен надомест. Ова претставува дополнително оптоварување на судот и уште една причина за реорганизација на судската мрежа во функционални судски одделенија на судот со проширена надлежност и причина за обезбедени 0.8% од БДП за судскиот буџет.

Во извештајниот период извршено е реновирање на тоалетите во 2025 година.

Препорака за судот: Потребно е Основниот суд Свети Николе да се реорганизира во функционално технички опремено и кадровски пополнето судско одделение во рамки на судот со проширена надлежност, бидејќи секојдневната работа со навистина ограничен број на вработени претставува проблем, особено во поглед на потребата од спроведување на дигитализацијата во правосудството.

Одговор од судот: *„Не се согласуваме со оваа препорака да се реорганизира судот во функционално технички опремено и кадровски пополнето судско одделение, бидејки судот постои повеќе од 50 години и работните места кои се испразнети постоеле повеке од 40 години, од причина што луѓето кои ги испразниле овие работни места заминаа во пензија, а Министерството за финансии не обезбедува финасиски средства за нови вработувања, а кадровскиот проблем е причината за отежнатото работење на судот, а нема оправдана причина да се реорганизира во судско одделение бидејки Општина Свети Николе и Лозово имаат таква географска положба и се наоѓа во близина на главниот град и од овде поминуваа директен автопат до Скопје, регионалниот пат за Куманово и експресен пат за Велес – Штип каде што има многу сообраќај и во судот има предмети за работа, се обезбедени технички и материјални услови за работа, извршени се реконструкции на судската зграда- кров во 2020 година, санитарни јазли 2025 година и зградата е опремена со опрема за работа а недостасува човечки кадар за извршување на секојдневните работни задачи и потребата за вработување на нов кадар и дигитализација во судството не ја оправува реорганизацијата во судско одделение.“*

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа и Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су бр.18/25 од 10.01.2025 година
Во судот е определен вд претседател, од кои причини нема обврска за достава на извештај.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Од 01 април 2025 година избран е нов судија од последната 8 ма генерација на завршена Академија за судии и јавни обвинители, со што во судот работат вкупно тројца судии.
Судот во 2025 година бил ефикасен, имал 402 предмети од претходно, новопримени околу 3000, значи вкупно во работа 3350. Судот го намалил заостатокот, а без норма имало 1500 новопримени предмети.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишен распоред Су. бр.432/24 од 27.12.2024 година,
Годишен распоред Су бр.476/25 од 29.12.2025 година донесен од Вд претседателот на суд
Има измени на годишен распоред, во АКМИС како одлука е внесен
Измени Су бр.147/25 од 02.04.2025 година заради избор на нов судија
Измени Су бр. 194/25 од 14.05.2025 година
Измени Су бр.267/25 од 28.07.2025 година в.д Валентина Буровска

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Су 04 - бр.109/25 од 10.07.2025 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Судот нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот нема вработено информатичар по заминувањето на претходно вработениот во октомври 2024 година. Имаат огромни потешкотии во работењето и затоа има итна потреба од ваков кадар.
*Препорака за вработување на информатичар и надминување на овој проблем.*

6. **Формиран оддел за судска практика во судот** – нема

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Марија Петкова, со распоред за работа
Офицер за заштита на лични податоци Иванка Митрева

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Нема, претседателот на судот донесува одлука: Одлука за распределба на судските службеници, има измена Су 31/26 од 29.01.2026 година
План за обуки на овластени лица во ОС Свети Николе
Су бр.122/25 од 21.03.2025 година
Кадровски проблеми во судот, недостасуваат информатичар, книговодител, доставувачот ќе замине во пензија во јуни, записничар. Има двајца судски советници кои работат со сите три видови на предмети.
Вработени во судот се вкупно 16 лица, заедно со судиите, од кои 4 судска полиција, 2 судски советници, 2 водители на уписник, 2 записничар и 1 доставувач. Од јули 2026 заминуваат во пенизија доставувач, а од 2027 јули- еден записничар.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Нема, секојдневно се врши надзор заради мал број на службеници.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД), записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници, аписници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД)**

Увид во записници Су 110/25 од 11.3.2025 година, Су бр.11/25 од 08.01.2025 година, Су бр.266/25 од 28.07.2025 година Су бр.288/24 од 10.09.2024 година Су бр.57/26 од 26.02.2026 година

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су 01 бр.4/25-2 од 23.01.2025 година
Су 01 бр.10/25 од 11.03.2025 година
Квартален извештај Су 01 бр.28/25-2 од 09.10.2025 година

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Свети Николе за 2024, 2025 година**

Су бр.52/2025 година

13. **Надзор над работата на нотарите**

Нотарите редовно доставуваат извештај за својата работа до судот.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Нема организирани обуки


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Нема нова набавка на информатичка опрема во изминатите две години. Потребна е итна набавка на нов скенер за потребите на приемното одделение.

**16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Список на кориснички групи има за 2024 година, Су 25/24-2 од 12.01.2024. За 2025 и 2026 година немаат вакви списоци.

*Препорака - Редовно да се изготвуваат списоци со кориснички привилегии.*

**17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Нема

**18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Има распоред на дежурства, уредно заведен во АКМИС како одлука Су бр.480/25 од 29.12.2025 година и
Одлука за распоред за дежурства Су 255/25 од 11.07.2025
Дежурствата не се внесени во месечниот календар во АКМИС системот.

**19. Скенирање на влезни документи**

Има технички проблем со скенерот во приемно одделение. Овој проблем бил констатиран и при претходниот надзор, но не е надминат. Во периодот од 01.01.2026 година до денот на надзорот скенирани се само 12 предмети.

*Препорака: Итна набавка на нов скенер во приемно одделение.*


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

20. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

21. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Нема администратор на АКМИС.
Распределбата и прераспределбата на предметите во судот ја вршат водителите секој ден во 14 часот.

22. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Исклучувања се вршат само за време на одмори, врз основа на годишниот распоред за работа. Оваа активност се реализира со помош на информатичар од друг суд.

23. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Бројот на изземања во овој суд не е голем, и се движи околу 18 предмети годишно. Направен е увид по случаен избор во неколку предмети:

- Су ИЗЗ - 2/26 од 02.02.2026 година
- Су ИЗЗ - 9/25 од 01.09.2025 година
- Су ИЗЗ - 2/25 од 25.03.2025 година

Во АКМИС уредно се внесени Решенијата за изземања, додека одговорите од апелација по бараните изземања не се прикачуваат заради нефункционалност на скенерот.

24. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема, освен дежурства или боледување преку АКМИС


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Надзорната комисија на денот на увидот направи увид во движењето на следните предмети:

- РО-73/24 - Поднесен и примен на ден 04.11.2024 година, рачно распределен преку АКМИС на ден 04.11.2024 година затоа што само еден судија постапува по тој уписник, и примен од страна на судија на ден 04.11.2024 година.
- К/100/24 Поднесен на ден 07.11.2024 година, примен во суд на ден 08.11.2024 година, заведен и примен од страна на судија на ден 18.11.2024, рачно распределен преку АКМИС на ден 18.11.2024 година во 09:16 часот
- ПРК-С-33/25 - Поднесен на ден 30.01.2025 година, примен на ден 02.02.2025 година, рачно распределен преку АКМИС и примен од страна на судија на ден 04.02.2025 година
- ВПП-2-10/25 - Поднесен, примен и автоматски распределен на ден 02.06.2025 година, примен од страна на судија на ден 03.06.2025 година
- ПРК-О-22/25 - Поднесен и примен на ден 05.06.2025 година, рачно распределен преку АКМИС на ден 05.06.2025 година, и примен од страна на судија на ден 12.06.2025 година
- П2-24/25 - Поднесен и примен на ден 02.07.2025 година, автоматски распределен на ден 03.07.2025 година и примен од страна на судија истиот ден
- ПРК-Ј-5/26 - Поднесен и примен на ден 28.01.2026 година, рачно распределен преку АКМИС на ден 28.01.2026 затоа што по тој уписник постапува само еден судија, и примен од страна на судија на ден 28.01.2026 година
- МАЛВП-7/26 - Поднесен и примен на ден 12.02.2026 година, автоматски распределен на ден 12.02.2026 година и примен од страна на судија на ден 13.02.2026 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

На денот на надзорот во моментот на увид во АКМИС имаше 9 прекршочни новопримени предмети кои треба да бидат распределени во 14 часот.
Во кривичен оддел нема автоматска распределба туку рачно директно придвижување на предмети преку АКМИС до соодветен судија, затоа што по одредени уписници постапува само еден судија. Придвижувањето се врши еднаш дневно во 14 часот
Во граѓански оддел на денот на надзорот нема предмети што чекаат да бидат распределени.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Тонско снимање не се користи воопшто. Опремата за тонско снимање е во солидна состоба, со исклучок на старите микрофони.
Вработените укажаа на потреба од дополнителна обука за реализирање на снимањата.

**29. Електронска достава**

Електронската достава функционира.
Во 2024 година реализирани се 60 електронски достави, а во 2025 година 215 електронски достави.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су бр.20/25-1 од 13.01.2025 година , Су бр.19/24 од 10.01.2024 година, измена

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су бр.22/26-1 од 21.01.2026 година
Су бр.23/25 година во 13.01.2025 година

**32. Внатрешни процедури**

Су бр.22/25 од 13.01.2025 година, Су бр.18/26 од 14.01.2026 година

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Редовно се подготвуваат, пример Су бр.14/25-3 од 13.01.2025 година

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

За отворен ден имаат студенти од Славјански универзитет, од причина што немаат информатичар веб страницата на судот не се дополнува со дневни содржини.

**35. Огласна табла на судот**

Огласна табла има поставена на видно место на влезот во зградата на судот.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година

После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, правосилните одлуки се објавуваат.
На веб страната на судот има објавено 284 одлуки за 2024 година, 21 одлуки за 2025 година и 30 одлуки за 2026 година до денот на извршување на надзорот.
Од 2024 година, со заминувањето на информатичарот не се објавуваат задолжителни содржини на веб страна, како што се завршните сметки, извештаи и други тековни работни документи.

## 38. Архива

Во однос на просториите за архивирани предмети, архивирањето, ознаките и трајноста на предметите заради малиот број на вработени лица во судот не може да се обезбеди на највисоко ниво, иако ги задоволува основните потреби.

## ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

## 39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.

Увидот заврши на ден 04.03.2026 во 14:00 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk